GREEN FOR GROWTH FUND
SOUTHEAST EUROPE

INVESTING IN ENERGY EFFICIENCY
AND RENEWABLE ENERGY

OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP

# 4 МИЛИОНИ ЕВРА – ПАРТНЕРСТВО НА ГГФ СО ОХРИДСКА БАНКА, ГРУПАЦИЈА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКО-КРЕДИТИРАЊЕ

- Финансирањето од ГГФ го проширува капацитетот на Охридска банка, Групација Сосиете Женерал, за проекти за енергетска ефикасност и обновлива енергија, освврнувајќи се на потребата на Македонија за подобрување на енергетскиот биланс.
- Кредитите одобрени од оваа инвестиција треба да придонесат во проектираната годишна заштеда на енергија од над 24.000 мегаватчасови и редуцирање $CO_2$ од над 7.500 тони.

**Луксембург и Скопје, 21 септември 2015** – Фондот Грин фор гроутх (Green for Growth Fund), Југоисточна Европа (ГГФ), обезбедува 4 милиони евра за финансирање на Охридска банка, Групација Сосиете Женерал (ОБСГ). Македонија увезува над 40 проценти од својата примарна енергија; речиси 80 проценти од производството на електрична енергија во земјата потекнува од фосилни извори, воглавно јаглен. Како еден од пионерите на пазарот, ОБСГ ја препозна важноста за финансирање на обновлива енергија и енергетска ефикасност и растечкиот потенцијал на овие сегменти. Се очекува дека портфолиото на кредити од ОБСГ за обновлива енергија и енергетска ефикасност кои ќе бидат финансирани од четирите милиони евра обезбедени од ГГФ ќе придонесе кон намалување на потрошувачката на примарна енергија најмалку за 20 проценти. Оваа заштеда пак ќе резултира со годишна заштеда на енергија од над 24.000 мегаватчасови и намалување на јаглеродниот диоксид за над 7.500 метрички тони годишно.

ОБСГ, четвртата по големина универзална банка во земјава, има придобивка од кредитирање на стопанството со пазарен удел од 8,9 проценти и е значаен играч на пазарот за мали и средни претпријатија. Со оглед на тоа што ОБСГ ја следи стратегијата за развој на одржлива структура за финансирање проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност, инвестицијата од ГГФ ќе биде инструмент кој на Банката ќе ѝ овозможи развој на капацитетите за финансирање проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност и ќе претставува поттик за зголемување на инвестициите во овие сегменти во Македонија.

Партнерството ќе биде придружено со проширена поддршка – обезбедена од страна на техничката помош од ГГФ (ГГФ ТАФ) – за развој и имплементација на проекти за обновлива енергија. За осигурување на одржливо кредитирање, ГГФ ТАФ ќе асистира и во имплементација на еколошки и социјални аспекти и ќе го надгледува портфолиото на кредити за енергетска ефикасност на ОБСГ.

*„ГГФ со задоволство го објавува партнерството со ОБСГ, финансиска институција со цврста посветеност кон финансирање проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност. Со својот клиентски пристап и приспособена кредитна понуда, ОБСГ ефикасно одговара на потребите на бизнисите во земјата и придонесува кон максимирање на влијанието на ГГФ во регионот“* – рече Кристофер Ноулс, претседател на „Green for Growth“, Југоисточна Европа.

*„Зголемувањето на побарувачката за природни ресурси, урбанизацијата и важноста на животната средина создаваат растечка потреба за инвестирање во енергетска ефикасност и обновлива енергија. Енергетската ефикасност и обновливата енергија даваат огромни економски и еколошки придобивки, поради што веруваме дека постои речиси неограничен потенцијал за проекти од овој вид. Благодарение*

*на ГГФ, Охридска банка сега има поголем капацитет да продолжи со поддршка на проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност, помагајќи на тој начин за зголемување на продуктивноста на економијата и засилување на тразицијата кон просперитетна нискојаглеродна иднина“* – рече Бранка Павловиќ, претседател на Управниот одбор на Охридска банка, Групација Сосиете Женерал.

**ЗА ФОНДОТ „GREEN FOR GROWTH“, ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ГГФ)**

Фондот Green for Growth, Југоисточна Европа (ГГФ) е посветен на подобрување на енергетската ефикасност и поттикнување на користењето обновливи извори на енергија во Југоисточна Европа, вклучувајќи ги Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, БЈР Македонија, Косово*, Црна Гора, Србија и Турција, како и во блиското источноевропско соседство составено од Ерменија, Азербеџан, Грузија, Молдавија и Украина. ГГФ обезбедува рефинансирање на финансиски институции за кредитирање претпријатија и домаќинства коишто сакаат да инвестираат во проекти за енергетска ефикасност. За максимирање на влијанието на инвестициските активности на фондот, техничката поддршка на ГГФ нуди помош за градење на капацитетите на локални институции и партнери. ГГФ беше иницираn како јавно-приватно партнерство во декември 2009 година, од страна на КФВ Банка за развој (KfW) и Европската инвестициска банка (ЕИБ) со финансиска поддршка од Европската комисија, Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ) и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Растечката база на посветени инвеститори се состои од донаторски агенции, интернационални финансиски институции и институционални приватни инвеститори, како Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), Холандскиот фонд за развој (ФМО) и Банката за развој на Австрија (OeEB). ГГФ, регистриран под Законот на Луксембург како SICAV (варијабилна капитална инвестициска компанија), е приватно управуван од Oppenheim Asset Management Services S.a r.l., Луксембург, во координација со советникот на фондот, Finance in Motion GmbH, Франкфурт/Мајна, Германија и техничкиот советник, MACS Менаџмент & Консалтинг услуги GmbH, Франкфурт/Мајна, Германија. За повеќе информации: www.ggf.lu

*Овој текст не го прејудицира статусот и е во согласност со резолуцијата 1244 на ОН и мислењето на МСП за Косовската декларација за независност.

**ЗА ОХРИДСКА БАНКА, СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ГРУПАЦИЈА**

Охридска банка, Групација Сосиете Женерал (ОБСГ) е универзална банкарска институција што на македонскиот пазар е рангирана на четвртото место. Од 2007 година, ОБСГ е дел од една од најголемите финансиски институции во светот – Групација Сосиете Женерал. Со над 148.000 вработени, во повеќе од 76 земји, Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ светот веќе 150 години. Охридска банка дејствува во согласност со високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги притоа четирите вредности на Групацијата: тимски дух, иновативност, одговорност и посветеност. Основната стратегија на ОБСГ е постојано унапредување на квалитетот на извршување на банкарските услуги и целосна посветеност кон задоволување на потребите на клиентите. Преку своето седиште во Скопје и развиената мрежа од 28 експозитури на територијата на Македонија, ОБСГ се стреми да биде референтна банка за односи со клиентите, препознатлива на пазарот, избрана по квалитетот и посветеноста на нејзините тимови.

**Контакт за медиуми ГГФ**
Кристин Прутз
Телефон: +49 (0)69/9778 7650-22
Имејл: press@ggf.lu

**Контакт за медиуми ОБСГ**
Светлана Штерјова
Телефон: +389 (0) 2 31 67 709
Имејл: komunikacii@ob.com.mk